# ЗАБЕЛЕШКА:

Во периодот на 2013 година, предвидено е одржување и на следните настани кои се одобрени од инструментот **TAIEX**, за кои дополнително ќе бидат одредени термини и за нив пријавувањето ќе се врши по закажувањето термин:

- Борба против корупција
- Економски и финансиски криминал
- Етика и конфликт на интереси
- Борба против тероризам
- Конфискација на приноси од кривични дела и улогата на органите надлежни за управување со конфискуван имот
- Меѓународна судска соработка во граѓанска материја
- Регионална конференција за Азил и миграција

За дополнително договорените обуки со домашни и странски проекти, учесниците ќе бидат благовремено известени и поканети.

Термините за специјализирани задолжителни обуки за новоизбраните судии и јавни обвинители дополнително ќе бидат определни, за што целните групи ќе бидат навремено информирани.

Во календарот не се наведени и специјализираните напредни обуки за новиот ЗКП по одделни модули кои обуки ќе бидат задолжителни.

На определени обуки, во зависност од темите и целните групи, се предвидува учество и на адвокати, по покана до **АКРМ**.

**Се задолжуваат учесниците заради ефикасност на планирањето и пополнетост на обуките, да се пријават на календарот однапред само за обуките кои се однесуваат на првата половина од годината.**

Се задолжуваат учесниците кои се пријавени за одделни обуки, своето отсуство однапред да го најават најдоцна три дена пред почетокот на обуката.

**Напомена**: На секоја од обуките можат да се пријаваат и претставници од Министерството за правда согласно целната група и темата на обуката.

# ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ

- Пријавувањето за одреден настан судиите/стручните соработници може да го направат самостојно, преку web порталот на Академијата за судии и јавни обвинители. Судијата / стручниот соработник со пополнување на регистрационата форма добива привилегии за влез во системот за управување со процеси ACJO и самостојно да го пријави или откаже своето присуство на настан наведен во календарот на активности како и да ги симне потребните материјали за конкретниот настан. Подетални информации за начинот на регистрација и пријавувањето можат да се видат во Упатството за регистрација кое се наоѓа на web порталот на Академијата за судии и јавни обвинители **WWW.JPACADEMY.GOV.MK**
- Заради ефикасно планирање на бројот на обуките а за одбегнување на воочените недостатоци, (се пријавуваат на сите настани, па потоа се откажуваат), учесниците може да се пријават за обуките кои се предвидени во каталогот само до првата половина од годината.
- Обуките ќе се одржуваат со ограничен број учесници,(во зависност од методологијата на конкретната обука, но не повеќе од 40), така што, со исполнување на одредениот број, софтверот нема да прима повеќе пријави, а судијата/стручниот соработник ќе добие објаснување дека нема слободно место за настанот кој го одбрал.
- Судијата се пријавува на обука за области на која е распореден и во согласност со целната група на настанот, а во определен број на случаи ( не повеќе од 5 дена, годишно, може да присуствува и на области на кои не работи, вклучувајќи ги обуките за Право на ЕУ и ЕКЧП )
- Претседателите на судовите се пријавуваат на специјализираните обуки за претседатели, а на други обуки не повеќе од 5 дена вкупно, годишно.
- Доколку судијата/стручниот соработник се пријавил за одреден настан, а не е во можност на истиот да присуствува, потребно е задолжително и навремено да го откаже своето учество од истиот, со цел за навремено повикување на други заинтересирани учесници.
- Учесниците не можат повеќе од еднаш да одат на семинар на иста тема.
- Семинарите кои се финансирани од странски проекти и кои вклучуваат и сместување, ќе бидат пополнувани со ограничен број на учсесници, сразмерно, од сите региони и судови.
- Програмата и материјалите за конкретниот настан ќе можат директно да се преземат од web порталот во календарот на активности.
- Учесниците на обуките потребно е да водат самоевиденција за своето учество и за бројот на поминати денови на обука.